| | | |
|---|---|---|
| **MACEDONIAN FISHING FEDERATION**<br>Add: Bulevar “Koco Racin” 75<br>Skopje, Republic of Macedonia<br>Tel/fax: +389 2 31 64539<br>E.mail: macfederation@yahoo.com<br>contact@mrf1952.mk<br>Website:www.mrf1952.mk | | МАКЕДОНСКА РИБОЛОВНА ФЕДЕРАЦИЈА<br>Адреса: Бул. “ Кочо Рацин“ 75<br>Скопје, Република Македонија<br>Тел/факс: +389 2 31 64539<br>E.mail:<br>macfederation@yahoo.co<br>mcontact@mrf1952.mk<br>Website:www.mrf1952.mk |


# ПРОПОЗИЦИИ

за натпревари во 2024 година во дисциплина “Крап“

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овие пропозици поблиску се уредуваат прашањата во врска со организирањето на натпреварите од страна на МРФ и ЗСР, СРК, СРД,(скратено име за сите риболовни здруженија и клубови, во понатамошниот текст РЗК )и тоа:

- ***Прва лига сениори;***
- ***Куп натпревари на Република Македонија;***
- ***Натпревари во организација на РЗК***.

### Член 2

Натпреварите на кои се однесуваат овие пропозиции, се одржуваат согласно правилата и правилникот за организирање на натпревари во спортски риболов во Р.С.Македонија.

### Член 3

Со натпреварите раководат:

- Организаторот (МРФ или РЗК)
- Натпреварувачката крапска секција на МРФ.

### Член 4

За натпревари во организација на МРФ се изработува Календар за секоја натпреварувачка година одделно, кој на предлог на крапска секција го одобрува УО на МРФ.

Во истиот се внесуваат датумите,местото на одржување на натпреварите како и алтернативни патеки.

За секој натпревар одделно натпреварувачката крапска секција на МРФ изготвува програма, во која се наведуваат термините и местото на одржувањето на натпреварот, евентуални ограничувања на видови на риби кои не се бодуваат, судиски колегиум, место на доделување на награди и признанија и сл. која са доставува до сите РЗК, членки на МРФ,најмалку15 (петнаесет) дена пред одржувањето на истиот.

Натпреварувачката крапска секција може да ги измени термините, како и местата на одржувањето на одделни натпревари, по однос на виша сила, неповолни услови, како и други непредвидени ситуации при кои не би можел да се организира и одржи натпревар, најмалку 7 (седум) дена пред одржувањето на натпреварот.

**Член 5**

РЗК,организатори на натпревари во спортски риболов, до МРФ, Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство, Државниот инспекторат за земјоделство и Агенција за млади и спорт,задолжително доставуваат програма со времето и местото на одржувањето на натпреварите најмалку15 дена пред одржувањето на истите.

**Член 6**

За учество на натпреварите, без оглед дали се во организација на РЗК или МРФ, натпреварувачите и капитените на сите екипи учеснички задолжително да поседуваат спортска легитимација.

За добивање на спортска легитимација потребно е да се достават до МРФ следниве документи:

- Барање за регистрација на сите натпреварувачи и капитени на екипите;
- Спортски договори за сите натпреварувачи и капитените на екипите;
- Лекарски уверенија за сите натпреварувачи издадени од лекар за спортска медицина или интернист;
- Лично осигурување за сите натпреварувачи.

**Член 7**

На натпреварите во организација на МРФ,капитени на екипи можат да бидат само лица со валидни спортски договори склучени со тоа РЗК.

На натпреварите во организација на МРФ,за екипа можат да натпреваруваат само натпреварувачи со валидни (важечки) спортски договори склучени со тоа РЗК.

## II. ЛИГА НАТПРЕВАРИ

**Член 8**

Лига натпреварите го носат името:

- Прва спортско риболовна лига во дисциплина „Крап"и доколку има спонзор може да се додаде и името на спонзорот.

**Член 9**

Екипите во Првата спортско риболовна лига се составени од ДУА (**2-ца натпреварувачи, носители на дуото)**,со можност секоја екипа да пријави и 1(еден) резервен натпреварувач и 1(еден) капитен на екипата.

Доколку екипата нема пријавено капитен на екипата, негова улога ја превзима еден од натпреварувачите.

**Член 10**

Право на учествово Првата спортско риболовна лига имаат сите РЗК, членки на МРФ, со неограничен број на дуа, доколку благовремено се пријават, здружението во кое се регистрирани како спортски риболовци ја уплати годишната членарина на МРФ за тековната година и во предвидениот рок ја уплатат пропишаната котизација за натпреварот.

Натпреварувачите и капитенте во иста календарска година, на натпреварите во организација на МРФ,имаат право на настап само за дуо во кое се пријавени пред започнувањето на натпреварите.

Дуо (екипа)составено од само еден натпреварувач,нема право на настап.

**Член 11**

Лига натпреварите нема да се одржат доколку за истиот се пријават помалку од 6(шест) екипи (дуа).

**Член 12**

Сите пријавени дуа, во натпреварувачката 2024 год. ќе учествуваат во Првата лига.
Циклусот на натпреварите ќе трае 3 (три) кола, така да секое коло претставува посебен натпревар. Три кола се натпревари со траење од 72 саата.

**Член 13**

Пресметувањето на резултатите ќе се врши согласно Правилата за натпревари во спортски риболов во Р.С.Македонија.

**Член 14**

Најдобро пласираното дуо се стекнува со епитет ***Државен првак на Р.С.Македонија*** во дисциплина „Крап“за тековната година.

Прогласувањето на државен првак и доделувањето на пехари се врши на денот по завршувањето на 3 то коло на предходно дефинирана локација во организација на крапска натпреварувачка комисија и со одобрување на УО при МРФ.

**Член 15**

За секој натпревар се делегираат онолку судии неопходни занатпреварите да се одвиваат според Правилата и Пропозициите на МРФ во спортски риболов.

Обврска на секој судија на натпреварот е:

- Пред почетокот на натпреварот да ја провери опремата како и составот и видот на прихраната со што екипата задолжително мора да поседува антисептик за лекување на оштетената риба;
- Присуство од најмалку еден судија на патеката во текот на целиот натпревар.
- При мерење да го забележи секој улов и да ја запише тежината.
-

Забрането е задржување и седење на судија во бокс подолго од 10 (десет) минути, освен во случај:

- по поднесена писмена (пишана) пријава,
- за да се исконтролира начинот на ловење од страна на натпреварувачите,
- контрола на мамкии опрема како и
- мерење на уловената риба при редовно или вонредно мерење.

Локацијата во боксот, каде што ќе се врши мерењето на уловената риба,ја одредуваат натпреварувачите или и капитенот на дуото,со цел да не се наруши и попречува активното ловење или прихранување.

При контрола на опремата и мамките од страна на судиите за време на натпреварот, дозволена е проверка на најмногу 1 (еден) риболовен стап по сопствен избор на судијата.

Рибата ја мерат најмалку 2 (двајца) судии со електронска вага поставена на троножец, во присуство на капитенот на екипата или еден од натпреварувачите и задолжително најмалку еден член од соседните боксови.

Резервниот натпреварувач за време на натпреварот не смее да влегува во боксот на својата екипа, но може да изврши замена во текот на натпреварот.Во тој случај мора да остане да натпреварува до крајот на истиот.

Капитенот на екипата, или резервниот натпреварувач кој во моментот врши улога на капитен,несмее да влегува во боксот на својата екипа за време на ноќните часови во период на забрана на тешка прихрана, кој се дефинира пред почеток на секој натпревар одделно, освен во присуство на судија, во случај на пишана пријава кон својата екипа како и за време наредовно или вонредно мерење на уловена риба.

## III. КУП НАТПРЕВАРИ

**Член 16**

Куповите на Р.С.Македонија, во дисциплината „Крап“ во категорија сениори,се одржуваат секоја година и тоа:

- Куп натпревар во чест на националниот празник 8-ми Септември и го носи името "Куп8-ми Септември"; и
  “Кастинг куп на Р.С. Македонија”.

**Член 17**

Право на учество имаат сите РЗК членки на МРФ со неограничен број на екипи (дуа), доколку навреме поднесат пријава, здружението во кое се регистрирани како спортски риболовци ја уплати годишната членарина на МРФ за тековна година и ја платат пропишаната котизација за натпреварот во предвидениот рок.

**Член 18**

Екипите се составени од дуо (2-ца натпреварувачи), со можност да пријават и 1(еден) резервен натпреварувачи1(еден)капитен на екипа.

Доколку екипата нема пријавено капитен на екипата, негова улога ја превзима еден од натпреварувачите.

**Член 19**

Натпреварувањето на“Кастинг” купот е поединечно.

За да учествува на овој Куп натпревар, секој поединец треба да е член на РЗК кое е членка на МРФ,односно здружението во кое е регистриран како спортски риболовец, да ја има уплатено годишната членарина на МРФ за тековната година.

Учеството во“Кастинг” купот е со котизација.

**Член 20**

***Правила и бодување на натпревар во кастинг:***

Во кастинг натпреварот учествуваат поединци пријавени за натпреварот во кастинг.Секој од натпреварувачите има право на 5 (пет) кастинг зафрлувања (во случај на кинење на систем при зафрлување, првото кинење на системот со олово се презафрлува, додека второто и сите евентуални останати кинења веќе се рачунаат како искористено зафрлување, без можност за повторување на обидот).

Зафрлувањата се вршат со риболовни трски не подолги од 4 (четири) метри,со конец не потенок од 0,25мм, со систем со боила.Забрането е зафрлување со спод трска.Секое зафрлување уредно се запишува во натпреварувачкиот дневник кој го водат судиите.На крај се зема просекот од трите најдолги зафрлувања, однсоно се собираат трите најдолги зафрлувања, се делат со три и се добива просечно најдолго зафрлување.

Зафрлените системи мораат да бидат прецизни,односно системот мора да падне во 20-сет метарското обележено поле(ЦрвенаЗона–10метри лево и 10метри десно).
Паралелно ќе биде поставено внатрешно поле со ширина од 10метри - таканаречена Сина зона.

Сината зона (5 метри лево и 5 метри десно)која што ќе носи дополнителни 5метри (5 бодови)во случај да зафрлениот систем заврши во рамките на ова поле (Зона).

Пример:имаме две зафрлувања во сина зона и едно зафрлување во црвена зона.
Зафрлувањата во сина зона се 120 и 130 метри а во црвената 140метри.

На зафрлувањата во сина зона им се додаваат по 5 метри плус како бонус за прецизности.Практички, должината на зафрлувањата кои ќе бидат запишани во дневникот на судиите изнесуваат: 120+5=125метри и 130+5=135метри за зафрлувањата во Сината зона и 140 метра за зафрлувањето во црвена зона.

Резултатот од конкретните зафрлувања би бил:(125+135+140) / 3= 133.33метри.




Куп натпреварот во кастинг не влегува во конечното бодување на учесниците во лигата и нема директно влијание на бодовното салдо на учесниците во лигата.Тој е посебен натпревар каде се пријавуваат и натпреваруваат поединци и не е во директна врска со лига натпреварите во дисциплина крап.

Победник на натпреварот е оној кој има најголем просек од трите најдобри зафрлувања (најголем број поени по принципот еден метар еден поен).Доколку на крајот од натпреварот двајца или повеќе натпреварувачи имаат ист резултат на просечна зафрлена далечина, предност има натпреварувачот кој има поголема должина на поединечно зафрлување.Во случај и на ваква еднаквост предност ќе има натпреварувачот со втора најголема должинана поединечно зафрлување.

**Член 21**

КУП натпреварите во дисциплината„Крап“ нема да се одржат доколку за истиот се пријават помалку од 6(шест) екипи (дуа).

КУП натпреварот во кастинг нема да се одржи доколку за истиот се пријават помалку од 6 (шест) натпреварувачи.

**Член 22**

Резултатите во лов риба се утврдуваат само во екипна конкуренција, освен за изборот на спортист на година каде се бодува и поединечниот пласман.

Најдобро пласираната екипа се стекнува со епитет Победник на Купот за 2024 година за дадената дисциплина и дадената конкуренција.

Победникот на кастинг купот се стекнува со епитет ***“Државен првак на Р.С.Македонија во Кастинг”.***

## IV. НАТПРЕВАРИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА РЗК

**Член 23**

РЗК можат да организираат натпревари во спортски риболов:

- Помеѓу членовите наРЗК (клубски натпревари);
- Помеѓу екипи од Р. Македонија, со можност на учество на екипи и од други држави.

## V. ИЗБОР НА НАТПРЕВАРУВАЧИ ЗА СОСТАВНА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЕКИПИ КОИ ЌЕ УЧЕСТВУВААТ НА МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ

Член 24

Најдобрите 6 (шест) екипи (дуа), со најголем збир на освоени бодови од лига натпреварите, остваруваат право на учество во кастинг квалификација за светско првенство 2024 година но не и загарантиран настап. Првите 4 (четири) пласирани екипи (дуа) од лига натпреварите, доколку ги поминат нормите ќе влезат во репрезентацијата, останатите 2 (две) екипи (дуа) ќе учествуваат на Јадранско подунавскиот куп. Во случај да само три екипи ги поминат нормите а ниедна од останатите три екипи не ги исполнат нормите, тогаш капитенот на репрезентацијата има право да одбере двајца натпреварувачи (од сите екипи учесници во лигата 2024г.) кои ќе исполнат норма како поединци. Првите 3 екипи (дуа) обезбедуваат директно учество на светско првенство, а 4 (четврто) пласираната екипа е резерва.

Доколку екипите (дуата) не ги исполнат нормите нема да се оди на светско првенство.

Нормите за влез во репрезентацијата ќе бидат:

- Зафрлување на мамец на 140м. (од 10 зафрлувања 5 мораат да бидат 140м. или повеќе).

.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 25**

По извршено мерење, на сите натпревари во организација на МРФ и РЗК, рибата задолжително се враќа жива во вода.

**Член 26**

Капитените на репрезентациите на Р.С.Македонија, ги одредува УО на МРФ по предлог на натпреварувачка крапска секција.

**Член 27**

Екипи наРЗК, членки на МРФ, можат да настапат на меѓународни натпревари надвор од државата под услов да го пријават своето учество на тие натпревари во МРФ најмалку15 (петнаесет) дена пред настапот.

Без да го пријават своето учество во МРФ не смее да се учествува на тие натпревари.Во таков случај им се забранува секакво учество на натпреварите што ги организира МРФ во траење од 1 (една) година (наредната натпреварувачка сезона).

**Член 28**

Котизациите за натпреварите ги одредува Управниот Одборна МРФ, за секој натпревар одделно.

**Член 29**

Овие Пропозиции влегуваат во сила со денот на донесувањето.

Натпреварувачка крапска секција
Претседател

Даниел Наумоски